ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ

# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА

# ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ НА КОАЛИЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 ЗА ОПШТИНА ЦЕНТАР И ДРУГИ ОПШТИНИ ПРЕДВОДЕНА ОД ВМРО ДПМНЕ

01 2018 04 08

Скопје, март 2019

С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 18 |
| Финансиски извештај за приходите и расходите на Коалицијата за локални избори 2017 за општина Центар и други општини, предводена од ВМРО ДПМНЕ | 19 |
| Основни политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 20 -22 |
| - Основни политики | 23 -25 |
| - Финансиски извештај за приходите и расходите | 25 -27 |

Прилози:

Прилог 1
Прилог 2
Прилог 3
Прилог 4
Прилог 5
Прилог 6
Прилог 7
Прилог 8
Прилог 9
Прилог 10

Кратенки користени во извештајот:

ААВМУ – Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број:10-234/33

Дата: 08.03.2019

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансискиот извештај за приходите и расходите, заедно со ревизија на усогласеност на Коалицијата за локални избори 2017 за општина Центар и други општини, предводена од ВМРО ДПМНЕ, (во натамошниот текст Коалиција). Финансискиот извештај, предмет на ревизија го опфаќа периодот од 25.09.2017 до 19.09.2018 година.

За финансискиот извештај за приходите и расходите за локални избори 2017 за општина Центар и други општини, предводена од ВМРО ДПМНЕ изразивме мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај и за усогласеноста со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Со ревизијата констатирани се следните состојби:

- не е презентиран акт со кој ќе се утврди вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, како и нивните седишта/локации;
- за потврдување на дел од евидентираните расходите за изборна кампања за локални избори 2017, не е доставена комплетна документација.

За констатираните состојби дадени се препораки, со цел преземање мерки за надминување на истите.

Во делот на нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ги обелоденуваме состојбите кои се однесуваат на:

- ААВМУ за локалните избори 2017 година спровела нов концепт на следење на политичко претставување на учесниците во изборниот процес, како и утврдени се разлики помеѓу податоците од извештаите на Агенцијата и радиодифузерите;
- дел од радиодифузерите не доставиле извештаи за искористениот рекламен простор и ценовници за платено политичко рекламирање. Кај дел од радиодифузерите утврдени се разлики помеѓу податоците во медиа плановите

во однос на податоците во нивните Извештаи за искористен рекламен простор, додека дел од радиодифузерите во доставените ценовници не навеле податок дали цената е со или без данок на додадена вредност;

- трансфер на средства од кредитната сметка на политичка партија на сметката на Коалициите;
- надлежностите на ААВМУ за вршење надзор врз изборното медиумско претставување преку електронските медиуми (интернет портали) и измените и дополнувањето на Изборниот законик во овој дел;
- наплатата на средства за надоместок на трошоци за избори на учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани или не се избрани членови на совет на општините и кандидати за градоначалник.

Во делот за останати прашања, истакнуваме одредени неусогласености во Изборниот законик и тоа:

- направена е измена на Изборниот законик, со што дадена е можност за трансфер на средства помеѓу сметките на учесниците во изборната кампања, без да се прецизира дали истите претставуваат извор на финансирање на изборната кампања или учесниците ќе имаат обврска да ги вратат средствата на сметката на политичката партија за редовно работење односно на посебните сметки за средствата обезбедени преку кредит;
- не е извршено усогласување на член 76-д став 1 со член 83 од Изборниот законик, во делот на финансирање на трошоците за платено политичко рекламирање со средства од Буџетот на Република Македонија;
- не е извршено усогласување на изворите на финансирање предвидени со член 83 став 1 алинеи 1 и 2 и член 88 став 3 по укинувањето на надоместот на трошоците за избори по добиен глас, кои беа предвидени во член 86;
- со укинувањето на член 86 во однос на исплата на надоместоците по добиен глас, не се утврдени преодни и завршни одредби во Законот за изменување на Изборниот законик во „Службен весник на Република Македонија„ број 140/2018, со што е неизвесна исплатата на овие средства на учесниците во изборната кампања за локалните избори 2017;
- потребно е усогласување на „Правилник за образецот за финансиските извештаи со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакционата сметка за изборна кампања„ согласно измените во изворите на финансирање;
- потребно е преиспитување на рокот за затворање на трансакциските сметки за изборните кампањи дефинирани со член 71, по укинувањето на надоместоци на трошоци за избори кои беа предвидени со член 86 од Изборниот законик;
- потребно е да се изврши усогласување на рокот за уплата на донациите со роковите за затворање на трансакционата сметка, предвидени со член 71 во Изборниот законик;
- постои потреба од пропишување на обврска за правните лица, општините во Република Македонија и градот Скопје кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди и доставуваат ценовници и извештај до надлежните органи за

искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по тој основ.

Надлежните институции потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на овластеното лице на Коалицијата, доставено е известување дека нема забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложениот финансиски извештај на страна 16 заедно со ревизија на усогласеност на Коалицијата за локални избори 2017 за општина Центар и други општини, предводена од ВМРО ДПМНЕ, кој се состои од финансиски извештај за приходите и расходите за периодот од 25.09.2017 до 19.09.2018 година и преглед на значајни политики и објаснувачки белешки кон финансискиот извештај.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на Коалицијата за локални избори 2017 за општина Центар и други општини, предводена од ВМРО ДПМНЕ застапувана од:

- Д-р Христијан Мицкоски, овластено лице.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај којшто е ослободен од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансискиот извештај се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.4. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансискиот извештај од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и трошоците на учесникот во изборната кампања се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме

етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансискиот извештај со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансискиот извештај. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.“

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансискиот извештај е изготвен, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансискиот извештај и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансискиот извештај е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансискиот извештај кој е предмет на овој извештај е составен според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.10.2018 до 14.12.2018 година кај Коалицијата за локални избори 2017 за општина Центар и други општини, предводена од ВМРО ДПМНЕ од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со овластеното лице на учесникот во изборната кампања, одржан на ден 27.12.2018 година.

Од страна на овластеното лице на Коалицијата, доставено е известување дека нема забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 10 – 234/17 од 07.03.2019 година.

Констатирани се следните состојби:

### 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Коалицијата за спроведување на изборната кампања во 2017 година, согласно одредбите од Законот за облигациони односи склучила 32 договори за закуп на деловен простор за спроведување на изборните активности. Исто така со одлука од ноември 2016 година уредено е дека 72 објекти, како недвижен имот во сопственост на ВМРО ДПМНЕ, времено ќе бидат отстапени на користење на Коалицијата за потребите на изборната кампања.

На ревизијата не и беше презентиран акт со кој ќе се прецизира вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, како и нивните седишта/локации. Поради наведеното, оневозможено е потврдување на висината на расходите за користење деловен простор со надомест, доколку за потребите на изборната кампања се користат и други објекти или на висината на донацијата за користење деловен простор доколку истите се користат без надомест.

Во текот на ревизијата од страна на ВМРО ДПМНЕ добиена е изјава со која се потврдува дека за време на изборната кампања за локални избори 2017 година, на Коалициите им се отстапени на користење 72 деловни простории сопственост на политичката партија ВМРО ДПМНЕ, како и дека согласно склучените договори за закуп Коалициите користеле 32 деловни простори за спроведување на изборните активности.

**Препорака:**

Надлежните органи на партијата во иднина при организирање на избори да обезбедат акт за вкупниот број на објекти наменети за изборни штабови како и нивните седишта/локации.

### 3.2. Финансиски извештај

3.2.1. Коалицијата за спроведување на локални избори 2017 година, во финансискиот извештај има искажано вкупно расходи во износ од 86.256 илјади денари. Со извршената ревизија на искажаните расходи во финансискиот извештај ревизијата го констатира следното:

- за дел од фактурите во вкупен износ од 3.061 илјади денари кои се однесуваат на медиумско претставување кај радиодифузерите и електронските медиуми на ревизијата не и беа презентирани медиа планови и извештаи за нивна реализација, поради што не бевме во можност да потврдиме дека податоците во фактурите се целосни и точни и се однесуваат за реално потрошено време за медиумско претставување на учесникот во изборната кампања (Прилог 1);
- евидентирани се фактури во износ од 1.439 илјади денари без да се достави уредна поткрепувачка документација за закуп и печатење на рекламни паноа и билборди (Прилог 2).

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за сметководството на непрофитните организации и Изборниот законик и влијаат на вистинитоста на расходите искажани во финансиски извештај и на информациите кои ги дава истиот.

**Препорака:**
Надлежните органи на партијата во иднина при организирање на избори да обезбедат комплетна, уредна и веродостојна документација за искажаните расходи.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 3.1. и 3.2. е отсуство на акт за утврдување на вкупниот број на објекти кои ќе се користат како изборни штабови за изборната кампања, нивните седишта/локации, како и евидентирање и плаќање на фактури без доставена комплетна, уредна и веродостојна поткрепувачка документација.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештај**

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точката 3.2. финансискиот извештај за приходите и расходите на Коалиција за локални избори 2017 за општината Центар и други општини предводена од ВМРО ДПМНЕ за периодот 25.09.2017 до 19.09.2018 година, го прикажува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, резултатот од финансиските активности за периодот кој завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, со исклучок на ефектот на прашањата изнесени во точките 3.1. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај за приходите и расходите на Коалиција за локални избори 2017 за општината Центар и други општини

предводена од ВМРО ДПМНЕ, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Согласно член 76-в од Изборниот законик Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Македонија има обврска за следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршување на гласањето на денот на одржувањето на изборите. За извршеното следење на изборното медиумско претставување истата има обврска седмично да доставува извештаи до ДИК, а за време на изборната кампања дневни извештаи кои Агенцијата треба да ги објавува на својата веб страната.

Постапувајќи по член 76-в од Изборниот законик, Агенцијата донела Методологија за мониторинг на изборното медиумско претставување преку радио и телевизиските програмски сервиси за време на изборните процеси[1], со која се дефинирани начинот на мониторирање, изборот на примерок, како и периодот на мониторирање.

За Локалните избори 2017 година, Агенцијата спровела нов концепт[2] на следење на политичко претставување на учесниците во изборниот процес и тоа:

- дел од медиумите се следени преку анализа на нивната снимена програма за што се изготвени Прегледи на платено политичко рекламирање емитувано на радио и на телевизиските програмски сервиси за време на првиот круг од Локалните избори 2017 година (25 септември – 13 октомври 2017 година) и за емитувано на телевизиските програмски сервиси за време на вториот круг од Локалните избори 2017 година (18 – 27 октомври 2017 година);
- на дел од медиумите (на државно, регионално и локално ниво) им се доставени прашалници подготвен од Агенцијата по кои Агенцијата изготвила Извештај; и
- дел од медиумите воопшто не биле опфатени со мониторинг, согласно критериумите утврдени во методологијата за мониторинг.

При вршење на избор на примерок за мониторирање, Агенцијата посочува дека примерокот се однесува на првиот круг, а за вториот круг согласно резултатите од првиот круг и однесувањето на медиумите во првиот круг, вообичаено се следи помал бројот на медиуми, односно дел од радиодифузерите на кои е вршен мониторинг во првиот круг од Локалните избори 2017 година не се

[1] 01-111/1 од 05.01.2016 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/metodologija_za_monitoring_05.01.2016.pdf
[2] Допис од АААМУ до ДЗР од ден 24.07.2018 година и доставените прегледи и извештаи

опфатени и во мониторингот спроведен за вториот круг на Локалните избори.

Поради горенаведениот начин на мониторирање, податоците од Агенцијата за искористениот рекламен простор за време на изборната кампања, не се целосни и комплетни.

5.2. Со извршената споредба на податоците од извештаите на ААВМУ за следење на изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите за локалните избори 2017 година (платено политичко рекламирање) за двата изборни круга и извештаите од радиодифузерите за искористен рекламен простор од страна на Коалицијата утврдени се следните разлики:

- два (2) радиодифузери, согласно податоците од ААВМУ, искористиле помал рекламен простор, односно помало време за рекламирање за 818 секунди во однос на извештаите доставени од радиодифузерите (Прилог 1);
- дванаесет (12) радиодифузери, согласно податоците од ААВМУ, искористиле повеќе рекламен простор, односно поголемо време за рекламирање за 21.811 секунди во однос на извештаите доставени од радиодифузерите (Прилог 2).

Со извршената ревизија на документацијата поврзана со платеното политичко рекламирање на Коалицијата, односно медиа планови, извештаи, ценовници изработени од радиодифузерите и податоците од извршениот мониторинг од ААВМУ, ревизијата ги утврди следните состојби и тоа:

- дваесет и осум (28) радиодифузерите доставиле фактури до Коалицијата, од кои дваесет и пет (25) радиодифузери не доставиле Извештаи за искористен рекламен простор, а тринаесет (13) радиодифузери не доставиле ценовници за платено политичко рекламирање, што не е согласно член 75-ѓ и член 85-а од Изборниот законик (Прилог 3);
- два (2) радиодифузери искажале помалку, односно повеќе секунди во медиа плановите доставени до Коалицијата во однос на податоците содржани во нивните Извештаите за искористен рекламен простор (Прилог 4);
- седум (7) радиодифузер не доставил фактура и медиа план до Коалицијата за извршено „платено политичко рекламирање“ за време на првиот круг од Локалните избори 2017 година (25 септември - 13 октомври 2017 година)“ кое е содржано во извештајот од ААВМУ (Прилог 5);
- два (2) радиодифузери во доставените ценовници не навеле податок дали цената за дадената услуга е со или без ДДВ (Прилог 6);
- четиринаесет (14) радиодифузери искажале повеќе секунди во медиа плановите доставени до Коалицијата во однос на податоците од извештаите на ААВМУ за искористен рекламен простор (Прилог 7).

Согласно член 31 став 4 од Изборниот законик, Државната изборна комисија има надлежност да покренува иницијатива за дисциплинска постапка, поднесува

барање за поведување прекршочна постапка или поднесува кривична пријава до надлежниот орган, при постоење на основи на сомнение дека е сторена повреда на одредбите на овој Законик.

Горенаведените состојби влијаат врз доследно почитување на одредбите од Изборниот Законик од страна на учесникот во изборната кампања.

Ревизијата истакнува дека во Изборниот законик предвидени се казни и прекршочни одредби и тоа:

- во член 182 предвидена е глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот, печатениот медиум и електронскиот медиум (интернет портал) ако не утврдат ценовник за платено политичко рекламирање на учесниците во изборниот процес и истиот не го достават до надлежните органи согласно член 75-ѓ,
- во член 189-а предвидена е глоба во износ од 4.000 евра во денарска противвредност за радиодифузерот или печатениот медиум кој нема да поднесе извештај за рекламниот простор искористен од секој учесник во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, најдоцна 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања предвидено во член 85-а.

5.3. Во декември 2016 година, ВМРО ДПМНЕ со деловна банка има склучено Договор за утврдување на рамковен револвинг кредит - лимит врз основа на заложно право со својство на извршна исправа, со утврден лимит во износ од 3.000.000 евра. Врз основа на овој кредит склучен е договор за одобрување на долгорочен кредит во септември 2017 година, во износ од 79.950 илјади денари, кои средства се префрлени на сметката за изборна кампања за локални избори 2017 година и истите не се вратени на сметката за редовно работење.

Ревизијата истакнува дека со измената и дополнувањето на Изборниот законик од 30.07.2018 година[3], извршено е дополнување на член 71 со додавање на став 7[4] со кој е дадена можност за пренос на парични средства од сметката за редовно на работење на изборната сметка. Со оваа измена и дополнување на Изборниот законик не е извршено усогласување на членот 71 став 7 со член 83 став 2 и став 3 од Изборниот законик. Имено во член 83 став 2 и став 3 е определено дека финансирање на изборната кампања може да е од членарини и донации од физички и правни лица, но не и со средства обезбедени преку кредит.

[3] „Службен весник на Република Македонија„ број 140/18

[4] „На трансакционата сметка ... можат да се депонираат и средства од основната жиро сметка на политичката партија, како и од посебните жиро сметки за средствата обезбедени преку кредит. Политичката партија може да врши пренос од трансакциската сметка на основната жиро сметка на партијата"

Наведеното упатува на потребата од усогласување на наведените одредби од Изборниот законик.

5.4. За спроведените локални избори 2017 година во деловните книги на Коалицијата и финансискиот извештај за приходи и расходи искажани се расходи за објавување на банери (закуп на интернет портал) во вкупен износ од 5.376 илјади денари. За искажаниот износ на расходи Агенцијата не извршила надзор врз изборното медиумско претставување преку електронските медиуми (интернет порталите), што не е согласно член 76-в од Изборниот законик[5].

И електронските медиуми (интернет порталите) согласно член 75-ѓ точка 3 и точка 5 од Изборниот законик должни се во рок од пет дена од денот на распишување на изборите да утврдат ценовници и истите да ги достават до надлежните институции[6], што не е целосно реализирано односно не се доставени ценовници до Државниот завод за ревизија од страна на 13 електронските медиуми (интернет порталите) на кои е вршено изборно медиумско претставување од страна на Коалицијата за локалните избори 2017 година (Прилог 8).

Во одредбите од Изборниот законик, кои се во важност во периодот на спроведување на изборниот процес за локалните избори 2017 година, електронските медиуми (интернет порталите) немаат законска обврска да изготвуваат и доставуваат до надлежните органи[7] „Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа“.

Ревизијата истакнува дека со измените и дополнувањата на Изборниот законик од 30.07.2018 година[8] извршено е менување на член 76-в со што за електронските медиуми (интернет портали) Државната изборна комисија ги добива следните надлежности:

- следење на изборното медиумско претставување на електронскиот медиум (интернет портал) од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето, точка 1;
- водење на седмични извештаи за електронскиот медиум (интернет портал) кои ги исполнуваат условите од овој законик кои се однесуваат на

[5] „Службен весник на Република Македонија„ број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18 и 99/18
[6] Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупција
[7] Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и Државната комисија за спречување на корупција
[8] „Службен весник на Република Македонија„ број 140/18

платено политичко рекламирање, од денот на распишување на изборите, а за време на изборната кампања дневни извештаи и нивно објавување на својата веб страна, точка 3;
- покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд во рок од 48 часа по утврдување на прекршувањата на одредбите од овој законик, против електронскиот медиум (интернет портал) за непостапување по законикот, точка 5;
- донесување на Методологија за мониторинг на медиумско претставување преку електронските медиуми (портали) за време на изборните процеси во рок од 60 дена од донесувањето на овој законик која ја објавува на својата веб страница, точка 10.

Исто така со измената се дополнува и член 85-а став 1 од Изборниот законик, со што и електронските медиуми (електронските портали) се должни да изготват „Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа", кој треба да го поднесат и до Министерството за финансии.

5.5. Во член 86 од Изборниот законик[9] заклучно со неговите измени и дополнувања до 29.05.2018 година е определено дека право на надоместок на трошоци за избори имаат учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати се избрани членови на совет, односно кандидат за градоначалник. Право на надоместок на трошоци за избори имаат и учесниците во изборната кампања од чии листи на кандидати не е избран кандидат за член на совет, односно кандидат за градоначалник во висина од 15 денари по добиен глас ако освоиле најмалку 1,5 % од вкупниот број гласови од излезените граѓани на ниво на општината. Надоместокот на трошоците за избори се исплатува од буџетот на општината и на градот Скопје за одржаните избори за членови на советите на општините и Советот на град Скопје, избор за градоначалник на општината и градоначалник на градот Скопје најдоцна во рок од девет месеци од конечните изборни резултати, врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори. Надоместокот на трошоците за избори се определува со одлука на Собранието, советот на општината и на градот Скопје врз основа на претходно доставено барање за надоместок на трошоци за избори од учесникот во изборната кампања до Државната изборна комисија. На локалните избори 2017 година според „Извештајот за локални избори 2017 година" објавен од Државната изборна комисија, Коалициите имаат освоено четиристотини триесет (430) советнички мандати во седумдесет и пет (75) општини како и пет (5) градоначалнички мандати, за што се освоени вкупно 864.545 гласа, за кои

[9]„Службен весник на Република Македонија„, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18 и 99/18,

Коалициите оствариле приход од општините во износ од 12.968 илјади денари, од кои е наплатен вкупен износ од 10.885 илјади денари.

Со оглед на тоа дека трансакциските сметки на Коалициите се затворени на 19.09.2018 година, согласно определениот рок во Изборниот законик, наплатата на износот од 2.083 илјади денари од општините наплатата на овие средства е оневозможена.

Со изменувањето и дополнувањето на Изборниот законик од 30.07.2018 година[10], членот 86 кој го регулираше правото на надомест на трошоци за избори по добиен глас, е укинат.

5.6. За спроведените локални избори 2017 година искажани се неподмирени обврски во износ од 15.110 илјади денари. Во договорот за заедничко настапување не се предвидени одредби кој и како ќе го врши плаќањето на неплатените обврски, по затварањето на изборните сметки.

Исто така ревизијата укажува дека во Изборниот законик не се предвидени одредби за начинот на плаќање на неплатените обврски, по затварањето на изборните сметки, додека во член 85 став 5 предвидено е дека учесникот во изборната кампања на група избирачи, вишокот од собраните средства треба да ги подари во добротворни цели.

5.7. Ревизијата изврши корекција на податоците искажани во вкупниот финансиски извештај кај приходите и расходите, и тоа намалување за приходите за износ од 7.902 илјади денари и зголемување на расходите за износ од 7.208 илјади денари.

## 6. Останати прашања

Ревизијата има обврска да обелодени дека во текот на 2017 и 2018 година извршени се неколку измени и дополнувања на Изборниот законик[11] со кои поголем дел од утврдените слабости истакнати во извештаите на овластениот државен ревизор за одржаните парламентарни избори за 2016 година се надминати. И покрај тоа, утврдивме слабости за кои е потребно дополнително усогласување на Изборниот законик, а кои се однесуваат на:

### 6.1. Финансирање на изборната кампања

6.1.1. Со Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик („Службен весник на РМ“ број 140/2018) извршени се измени во член 71, односно додаден е нов став 7 кој гласи: „*на трансакционата сметка за изборна кампања може да се депонираат и средства од основната жиро-сметка на политичката партија, како и од посебните жиро-сметки за средствата обезбедени преку кредит.*

[10] Службен весник на Република Македонија“ број 140/2018,

[11] „Службен весник на Република Македонија“ број 40/06, 136/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13 34/13, 14/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18 и 140/18

*Политичката партија може да врши пренос од трансакциската сметка за изборна кампања на основната жиро-сметка на партијата*". Со оваа измена дадена е можност за трансфер на средства помеѓу жиро-сметките без да се прецизира дали трансферираните средства ќе бидат извор на финансирање на изборната кампања или учесниците ќе имаат обврска да ги вратат средствата на сметката на политичката партија за редовно работење односно на посебните жиро-сметки за средствата обезбедени преку кредит, како и роковите и начинот за враќање на истите.

Истакнуваме дека во член 83 став 2 од Изборниот законик се пропишани изворите на финансирање на изборната кампања и тоа: членарината на политичката партија и донациите од правни и физички лица, поради што ревизијата е на мислење дека е потребно доуредување на Изборниот законик.

6.1.2. Со измените на Изборниот законик објавени во „Службен весник на РМ" број 140/2018, предвидено е трошоците на изборните кампањи кои се однесуваат на платеното политичко рекламирање преку радиодифузери, печатени медиуми и електронски медиуми (портали), да бидат на терет на Буџетот на Република Македонија[12], при што членот 86 кој го регулираше правото на надомест на трошоци за избори по добиен глас е укинат. Со истиот беше уредено: ... „*Надоместокот на трошоците за избори ќе се исплати од Буџетот на Република Македонија најдоцна во рок од три месеци од конечните изборни резултати од одржаните избори за претседател на Република Македонија и избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, а од буџетот на општината и на градот Скопје за одржаните избори за членови на советите на општините и Советот на град Скопје, избор на градоначалник на општината и градоначалник на градот Скопје, најдоцна во рок од девет месеци од конечните изборни резултати, врз основа на извештајот на Државната изборна комисија за спроведените избори*", од што произлегува дека овие надоместоци треба да им се исплатат на учесниците во изборната кампања најдоцна до 19.09.2018 година[13].

Имајќи ги во предвид наведените состојби како и фактот што измените во „Службен весник на РМ„ број 140/2018 стапуваат на сила со денот на нивното објавување односно 30.07.2018 година, утврдивме дека:

- со додавање на нов член 76-д став 1 предвидено е дека ...„*трошоците за објавено платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања ќе се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, кои се*

[12] Член 76-д: „За исполнување на законските обврски на радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (порталите) во делот на објавувањето на платеното политичко рекламирање, финансиски средства се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија, кои се исплаќаат на посебна сметка на Министерство за финансии"

[13] Извештај за конечни изборни резултати од ДИК објавен на ден 19.12.2017

*исплаќаат на посебна сметка на Министерството за финансии„* но не е извршено усогласување со член 83 од Изборниот законик, каде е предвидено дека изборната кампања не смее да се финансира од средства од Буџетот на Република Македонија;

- не е извршено усогласување на член 83 став 1 алинеи 1 и 2 и член 88 став 3 по бришењето на член 86, каде беше регулирано правото на надомест на трошоците за избори;
- не се утврдени преодни и завршни одредби за примената на членот 7 од Законот за изменување на Изборниот законик, со кој е укинат членот 86 во „Службен весник на РМ„ број 140/2018, со што е неизвесен изворот на исплатата на средства на учесниците во изборната кампања за надомест по добиен глас за локалните избори 2017, односно дали истите ќе се исплаќаат од буџетите на општините и на градот Скопје за одржаните локални избори 2017;
- потребно е усогласување на „Правилникот за образецот за финансиските извештаи со спецификација на трошоците за приходите и расходите на трансакциската сметка за изборна кампања“[14], согласно измените во Изборниот законик во однос на изворите на финансирање;
- со измените објавени во „Службен весник на РМ„ 35/2018 „*трансакциската сметка за изборната кампања се затвора во рок од девет месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати од одржаните избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје, избор за градоначалник општината и градоначалник на градот Скопје*“. Имајќи во предвид дека со укинувањето на член 86, исплатата на надоместоците на трошоците за избори, во делот на рекламирањето, ќе се врши од Буџетот на РМ, ревизијата укажува на потребата од преиспитување на овој рок, поради фактот што вака дефинираниот рок го пролонгира изготвувањето и објавувањето на вкупните финансиски извештаи од изборната кампања.

## 6.2. Рок за уплата на донации

6.2.1. Согласно член 71 став 6 од Изборниот законик, донациите за финансирање на изборната кампања можат да се уплатуваат исклучиво на трансакциската сметка најдоцна до рокот определен за доставување на финансискиот извештај за финансирање на изборната кампања утврден во член 85 став 1 од овој закон. Од причина што затворањето на трансакциската сметка е во рок од три месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати од одржаните избори за претседател на Република Македонија и избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, и девет месеци од денот на објавување на конечните изборни резултати од одржаните избори за

[14]„Службен весник на Република Македонија“ број 121/2017

членови на советите на општините и Советот на град Скопје, избор на градоначалник на општината и градоначалник на град Скопје, а поднесувањето на вкупниот финансиски извештај е веднаш или во рок од 30 дена од затворањето на трансакциската сметка, уплатата на донациите до крајниот рок определен за доставување на финансиски извештај не може да се реализира, бидејќи сметката за изборна кампања може да биде затворена. Поради наведеното, ревизијата смета дека е потребно усогласување на рокот за уплата на донациите со рокот за затворање на трансакциската сметка.

### 6.3. Рекламни паноа и билборди

6.3.1. Во Конечните извештаи за извршените ревизии на Вкупниот финансиски извештај за приходите и расходите на сметките на учесниците во изборната кампања на Предвремените парламентарни избори 2016 година, овластениот државен ревизор ја истакна состојбата со закупот на рекламни паноа и билборди, како платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања и потребата за изготвување и доставување на извештаи за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, од страна на правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Република Македонија и градот Скопје.

Имено, согласно член 78-а од Изборниот законик дозволено е политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања и на рекламни паноа и билборди. Заради соодветна примена на одредбите од овој член донесено е „Упатство за постапување по член 78-а од Изборниот законик[15]„ и „Појаснување за примена на член 78–а, став 7 од Изборниот законик[16]„, со кои дадени се одредени појаснувања во однос на максималниот број на рекламните паноа и билборди кои можат да се користат за политичко рекламирање, како и начинот и критериумите за распределба на правото на закуп на истите од страна на учесниците во изборната кампања.

Со член 85-а од Изборниот законик и неговата измена и дополнување од 30.07.2018 година пропишана е обврска покрај радиодифузерите, печатените медиуми и електронските медиуми (интернет порталите) во Република Македонија да изготват и достават до надлежните органи Извештај за рекламниот простор искористен од секој од учесниците во изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

И покрај тоа што закупот на рекламни паноа и билборди претставува платено политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања, во Изборниот законик не е пропишана обврска правните лица кои стопанисуваат со

[15] Државна изборна комисија број 08-2943/1 од 04.11.2016 година
[16] Државна изборна комисија број 08-3296/1 од 21.11.2016 година

рекламните паноа и билборди, општините во Република Македонија и градот Скопје да изготват и достават извештај за искористените рекламни паноа и билборди и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа, поради што отежнато е потврдувањето на исплатените средства за закуп на рекламни паноа и билборди.

Исто така во член 78-а точка 4 од Изборниот законик е определена обврската и Општините во Република Македонија, градот Скопје и правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди јавно да ги објават локациите и цените за закуп на рекламните паноа и билборди, без обврска за доставување на ценовници за услугите до надлежните органи, како и рокот за нивно доставување.

За надминување на утврдената состојба односно овозможување на поголем степен на контрола на исплатените средства за закуп на рекламни паноа и билборди, како и зголемување на транспарентноста на вкупното и поединечното политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања, потребно е надлежните органи да преземат активности за доуредување на одредбите од Изборниот законик во делот на пропишување на обврската за доставување на извештај и ценовници до надлежните органи за искористените рекламни паноа и билборди од страна на правните лица кои стопанисуваат со рекламните паноа и билборди, општините во Република Македонија и градот Скопје.

КОАЛИЦИЈА ЗА ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ 2017 ЗА ОПШТИНА ЦЕНТАР И ДРУГИ ОПШТИНИ ПРЕДВОДЕНА ОД ВМРО ДПМНЕ

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ ЗА ИЗБОРНА КАМПАЊА ЛОКАЛНИ И ИЗБОРИ 2017**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 25.09.2017 - 19.09.2018 |
|---|---|---|
| **Приходи** | **3.1.** | |
| Приходи од донации | 3.1.1. | 3.873 |
| Останати приходи | 3.1.2. | 67.274 |
| **Вкупно приходи** | | **71.147** |
| **Расходи** | | |
| **Расходи од донации** | **3.2.** | |
| Превозни - транспортни услуги | 3.2.1. | 853 |
| Издатоци за реклама и пропаганда | 3.2.2. | 3.020 |
| **Расходи од останати приходи** | **3.3.** | |
| Потрошени материјали | 3.3.1. | 80 |
| Превозни - транспортни услуги | 3.3.2. | 2.285 |
| Издатоци за реклами и пропаганда | 3.3.3. | 68.293 |
| Издатоци за репрезентација | 3.3.4. | 132 |
| Интелектуални услуги | 3.3.5. | 2.828 |
| Сметководствени услуги | 3.3.6. | 50 |
| Расходи за одржување на предизборни собири | 3.3.7. | 130 |
| Изнајмување на простор и опрема | 3.3.8. | 331 |
| Провизија за платен промет | 3.3.9. | 27 |
| Персонален данок на доход | 3.3.10. | 15 |
| Други расходи | 3.3.11. | 8.213 |
| **Вкупно расходи од донации и расходи од останати приходи** | | **86.257** |
| **Вкупно непокриени расходи** | | **(15.110)** |